***Број: 02 - 24504/3***
***16.02.2010 година***
***С к о п ј е***

**ЗАПИСНИК**
**од LXVIII -ма седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**

*одржана на 25.12.2009 со почеток во 12.00 часот*
*и на 30.12.2009 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Претседателот на Управниот одбор Беким Сали ја отвори седницата. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXVI -та седница на Управниот одбор одржана на 04.12.2009 година;*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови;*
4. *Одлука за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба;*
5. *Разно.*

*Потоа предложи на дневниот ред да бидат и следните точки:*

- *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
- *Предлог на Подрачната служба Струга за постапување со заменетата столарија од зградата на Подрачната служба;*
- *Утврдување на формата и содржината на анекс - договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Македонската академија на науките и уметностите, анекс - договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување, и анекс - договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната и специјалистичко-консултативната здравствена заштита - здравствен дом;*
- *Донесување на одлука по барањата на здравствените установи со кои се раскинати договорите поради повреда на договорните одредби.*

*Бидејќи записникот од LXVI -та седница сеуште не е изготвен, предложи да се разгледа на следната седница.*

*Горан Коевски побара објаснување од претседателот зошто и на оваа седница предлага да се разгледува предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места. Ваква точка беше на дневниот ред на минатата седница, кога Управниот одбор беше запознаен дека комисијата за утврдување на критериуми за прогласување на оддалечени рурални места сеуште работи на нивно утврдување. Поради тоа, во моментов немаме критериуми на кои би се потпреле при утврдувањето на оддалечените*

*рурални места. Оттаму, тогаш точката беше симната од дневниот ред. Покрај тоа, Горан Коевски укажа и на долготрајното отсуство на претставникот на Стопанската комора на Македонија, Трајче Леов. Наведе дека неговото отсуство од повеќе седници го намалува капацитетот на Управниот одбор за легитимно работење и одлучување. Затоа, се укажува потреба да се упати известување до Стопанската комора, па да го добиеме нивниот став.*

*Беким Сали наведе дека важноста од прогласување на предложените населени места за оддалечени рурални места е голема зашто во тие места веќе се градат објекти, а ако не добијат рурален статус, под прашање ќе биде интересот на лекарите да работат таму. Како поткрепа, на членовите на Управниот одбор им подели две информации за потребата од изградба на амбуланти во Република Македонија што Министерството за здравство ги изготвило за Владата на Република Македонија. Подели и извадок од нацрт - записник од дваесетата седница на Владата одржана 12.10.2009 година, на која се разгледувани информациите. Од нив ќе ги видиме критериумите што Министерството за здравство ги претставило на Владата.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека Министерството за здравство и Владата имаат право да планираат каде треба да има амбуланти, но ние треба врз основа на критериуми да видиме која од нив да биде рурална. Додаде и дека грубата калкулација покажува дека за 17 места, односно ординации месечно би се исплаќале 1,5 милиони денари и дека сеушт не е донесен еден базичен документ за здравството, медицинската мапа. Медицинската мапа ќе лоцира каде треба да има амбуланти.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека со оглед на ограниченоста на средствата доколу се вклучат и нови населени места во одлуката, ќе треба да се размислува и за можно намалување на капитацијата.*

*Горан Коевски праша дали со евентуално намалена капитација, би постоел доволен стимуланс за работење во руралните места.*

*Страшо Наумоски пак наведе дека со намалената капитација би биле оштетени лекарите кои работат вредно и даваат здравствена заштита на голем број осигурени лица. Запраша и зошто не постои интерес за работа во тие места без стимулацијата што се дава за руралност. Дали можеби таму нема доволно население. Додаде и дека во информацијата разгледувана од Владата што ја подели претседателот, забележал неточности за места што му се познати. Тоа е индикација дека можеби има и други неточни податоци во неа.*

*Елена Трпковска пак наведе дека нема да даде поддршка за донесување на одлука без претходно утврдени критериуми. Освен тоа, заклучоците од седницата на Владата одржана 12.10.2009 година, не се однесуваат на Фондот.*

*И Горан Коевски наведе дека не дава поддршка за одлуки во услови на отсуство на критериуми, особено кога тие носат финансиски импликации.*

*По ова, претседателот на Управниот одбор, Беким Сали бидејќи не се постигна согласност за дневниот ред на седницата, седницата ја прогласи за*

*завршена и изрази надеж дека до крајот на годината ќе се постигне согласност за ова прашање па Управниот одбор повторно ќе се состане.*

♦

*Седницата беше повторно закажана и продолжи на 30.12.2009 година во 14.00 часот во присуство на:*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Цветанка Кормушоска, стручен соработник (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Претседателот на Управниот одбор Беким Сали ја отвори седницата, утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
2. *Одлука за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Теркови на анекси на договорите со здравствените установи за првиот квартал на 2010 година;*
5. *Постапување со здравствените установи со кои се раскинати договорите од Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна заклучно со месец ноември 2009 година;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи;*
7. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови;*
8. *Одлука за постапување со движни ствари од Подрачната служба Струга;*
9. *Разно.*

*Предложи на дневниот ред да бидат додадени и барањето на Здравствениот дом Виница за зголемување на буџетскиот плафон. Потоа праша дали има и други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Страшо Наумоски, праша зошто точката - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места е повторно предложена и тоа како прва на дневниот ред, кога за разгледување има други поважни. Предложи да се разгледаат првин поважните точки за здраствениот систем па на крајот и оваа.*

*Елена Трпковска, потсетувајќи дека токму поради оваа точка не се усвои дневниот ред при првото продолжение на седницата, наведе дека причината поради која била против нејзино разгледување е принципиелна. Се работи за недостатокот на утврдени критериуми според кои би се утврдувале оддалечените рурални места. Таа причина постои и сега. Затоа, и овој пат не се согласува таа да се стави на дневниот ред а ако биде на дневниот ред, ќе гласа против.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали во однос на предлогот од минатиот пат, Министерството за здравство може да селектира помал број на места за кои се бара да бидат прогласени за оддалечени рурални.*

*Беким Сали објасни дека предлогот за оваа седница се однесува на прогласување за оддалечено рурално место само на населеното место Бродец, тетовско. И оваа точка е важна, а никогаш не била прва на дневниот ред. Може да се разгледа како точка 2, а Управниот одбор темелно ќе ги разгледа сите точки, без оглед под кој реден број се на дневниот ред. По ова, предложи Управниот одбор да се произнесе по предлог дневниот ред.*

*Беким Сали, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предложениот дневен ред, а Елена Трпковска гласаше против. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

1. *Одлука за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Теркови на анекси на договорите со здравствените установи за првиот квартал на 2010 година;*
5. *Постапување со здравствените установи со кои се раскинати договорите од Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна заклучно со месец ноември 2009 година;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи;*
7. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови;*
8. *Одлука за постапување со движни ствари од Подрачната служба Струга;*
9. *Барање на Здравствениот дом Виница за зголемување на буџетскиот плафон;*
10. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Одлука за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека се предлага утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година. Извести и дека на седницата одржана на 24.12.2009 година, Собранието на Република Македонија го донесе Буџетот на Република Македонија за 2010 година чиј дел е и буџетот на Фондот. Поради тоа, пред да се расправа за буџетите на јавните здравствени установи, треба да се донесат одлуки за утврдување на буџетот на Фондот и за извршување на буџетот на Фондот за 2010 година.*

*Елена Трпковска во однос на буџетите на јавните здравствени установи, укажа дека не може да се донесе буџет со различен рок на важење од рокот на важење на буџетот на Фондот кој истекува на 31.12.2009 година.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека Управниот одбор донесува буџетски плафони, а договорите кои Фондот ги има склучено со здравствените установи дозволуваат натамошни корекции на плафоните. Со предложената одлука би се определил месечниот надомест за јануари, февруари и март 2010 година. Овој начин го преземавме од Словенија.*

*Елена Трпковска додаде дека измените на Законот за здравственото осигурување се во процедура, и ако не бидат донесени како што се предложени, не ќе можеме да донесеме нова одлука. Законот за буџетите ја дефинира фискалната година, па би било добро службите на Фондот да проверат дали предложеното решение е во согласност со законот. Во договорите со здравствените установи ќе има права и обврски надвор од фискалната година, но не може и буџети. На ова треба да се внимава, зашто буџетот на Фондот е дел од буџетот на Република Македонија. Министерството за финансии ќе ја даде оваа забелешка и во постапката за изменување на законот.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека е важно што сега се донесуваат буџетски плафони за првиот квартал на годината. Праша дали ќе треба повторно да се донсеуваат во април за остатокот од годината.*

*Елена Трпковска одговори дека ќе треба, но тоа не значи дека првиот квартал ќе треба да се преслика во останатите девет месеци.*

*Потоа Татјана Лукановска даде објаснување на предлогот на буџетските плафони. Наведе дека се работело напорно за да се најде правичен пристап за сите здравствени установи. Разгледани се темелно и извештаите на здравствените установи при што е анализиран обемот на дадените услуги во изминатите квартали и фактурираните услуги. Анализите се правени за примарното, секундарното и терцијарното ниво на здравствена заштита. Врз основа на сето тоа, се обидовме да воспоставиме нов приод при дефинирањето на буџетите на здравствените домови и центрите за јавно здравје. Очигледно стана дека постои голема преработеност и дека мора да најдеме начин да влијаеме за нивно реорганизирање заради финансиска ефикасност. Оттаму е и намалувањето за 3 до 4% кај здравствените домови.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека Фондот досега на некој начин ги субвенционираше здравствените домови а кратеше кај болниците. Проблем на здравствените домови е и тоа што поради ниските кирии што ги наплаќаат од концесионерите, имаат мали приходи по тој основ.*

*Елена Трпковска праша дали здравствените домови не добиваат средства од Министерството за здравство според програмите за превентива.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека тие средства не се доволни. Додаде и дека Фондот треба да ги покрива само услугите а не сите трошоци вградени во цените на услугите. Како карактристични примери ги наведе Стоматолошката клиника, Ургентниот центар и Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ). Од Министерството за здравство очекуваме решение за нивните специфични состојби.*

*Беким Сали наведе дека овие установи имаат проблем што не можат да ги прикажат и да му ги фактурираат на Фондот сите услуги што ги даваат.*

*Директорите Парнарџиева - Змејкова и Јелникар рекоа дека е тоа така зашто овие установи имаат системски проблеми, а нив Фондот не може да ги реши. За да се справиме со проблемот до негово законско решавање, подготвиме избалансирано решение за нивните буџети. Алармантно е тоа што сите јавни*

*здравствени установи очекуваат дополнителни средства за новите вработувања.*

*Љубиша Каранфиловски, во однос на здравствените домови потенцира дека треба конечно да се дефинира што се здравствените домови и како тие да се финансираат. Од нив треба целосно да се тргне итната помош, а според стратегијата на Министерството за здравство, за истиот буџет треба да се воспостави и итна помош. Фондот ги плаќа услугите дадени на неговите осигуреници а итната помош дава услуги и  на други лица кои тоа не се, на пример на странци. Затоа итната помош треба целосно да се тргне од здравствените домови и поинаку да се финансира. За примарната и за специјалистичко - консултативната здравствена заштита можеме да определиме буџет, но не и за итна помош.*

*Татјана Лукановска потоа наведе дека кај оние здравствени установи што имаат фактури за дадените услуги, се трудевме при определувањето на буџетот да се задржиме на фактурираното ниво.*

*Елена Трпковска укажа дека предложените буџети имаат вклучено и средства за плати на вработените во установите. Ако водиме сметка дека Фондот треба да плаќа за дадени услуги, не би тебало вакви буџети да ги поддржиме.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа дека за Здравствениот дом Прилеп е предложен повисок плафон од оној на Здравствениот дом Битола, иако битолскиот дом има повеќе вработени и дава повеќе услуги, а троши и повеќе средства за лекови. Потоа објасни како според него би требало да се утврдат буџетите за битолскиот здравствен дом.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека Фондот сакал критериум за утврдување на буџетите да бидат фактурираните услуги, но објективно тоа не било можно во целост бидејќи треба да се земат предвид многу параметри.*

*Директорот Јелникар додаде дека и со ДСГ системот како и со други методи се обидуваме да дојдеме до што пореални показатели за буџетирањето, но тоа не оди лесно. Најболна точка е информатичкиот систем кој е неопходен а сеуште не е воспоставен.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак наведе дека во меѓувреме и без информатичкиот систем, знаеме дека 20% од буџетот оди за здравствените домови.*

*По ова, се разви дискусија за тоа кои дејности би можеле да се изземат од здравствените домови, во која своите гледишта ги дадоа Љубиша Каранфиловски и Страшо Наумоски.*

*Потоа Беким Сали прашуваше за Клиниката за дигестивна хирургија, Клиниката за ортопедија, Клиничката болница Тетово и Медицински факултет - Институти, а директорката Парнарџиева - Змејкова и Татјана Лукановска даваа објаснувања. На крајот Беким Сали предложи нераспоредените средства во висина од 6 милиони денари да се наменат за Медицинскиот факултет - Институти и Клиниката за инфективни болести, така што 4 милиони ќе*

*бидат наменети за Медицинскиот факултет - Институти, а 2 милиони за Клиниката за инфективни болести. Предложи со оваа измена, Управниот одбор да ја усвои Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година.*

*Останатите членови го прифатија предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година***

***Одлука***
***за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година***

*и*

***Одлука***

***за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година***

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места*

*Беким Сали наведе дека од Министерството за здравство се предлага населеното место Бродец, тетовско да биде прогласено за оддалечено рурално место. Објасни дека Бродец се наоѓа на 20 километри од Тетово на падините на Шар Планина. Во селото има изградена амбуланта, но таа не е активна бидејќи не постои интерес за работа во неа без стимулацијата што ја добиваат амбулантите во оддалечените рурални места.*

*По ова, се разви дискусија во која членовите на Управниот одбор расправаа за оправданоста од проширување на листата на оддалечени рурални места, во услови кога комисијата на Фондот сеуште работи на утврдување на критериумите.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи дека во моментов не се утврдени критериумите и дека Управниот одбор нема доволно податоци за населените места за кои се дава предлог за прогласување за рурални. Но во овој случај, штом се работи за предлог од Министерството за здравство во рамките на здравствената политика и ако нема значителни финансиски импликации, можеме да го поддржиме.*

*Страшо Наумоски и Борис Јосифовски нагласија дека е потребно во што покус рок, комисијата за утврдување на критериумите за прогласување на оддалечени рурални места истите да ги утврди. Потоа, според утврдените критериуми да се изврши ревидирање на листата на местата кои сега имаат статус на рурални.*

*По ова, претседателот Беким Сали побара членовите на Управниот одбор да се произнесат по предлогот за утврдување на населеното место Бродец како оддалечено рурално место.*

*Беким Сали, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предлогот, а Елена Трпковска гласаше против. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места***

*со која го утврди населеното место Бродец, тетовско како оддалечено рурално место.*

***ТОЧКА 3 -*** *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка на дневниот ред даде Златко Алексов. Наведе дека измените на планот кои ги изготви секторот за јавни набавки воглавно се должат на настанатите промени во текот на годината по однос на очекуваниот почеток на постапките, како и поради отстапувања помеѓу проценетата вредност на набавката и вредноста на најповолната понуда, односно склучениот договор. Проценетата вредност на постапката за печатени обрасци (точка 14 на првата страна), каде спаѓаат и потврдите за платен придонес е зголемена од 1.600.000 на 3.200.000 како резултат на зголемените потреби кои се однесуваат на невработените лица. Исто така, за ова придонесува и барањето на Државниот управен инспекторат, секој предмет, акт да има посебна кошулка, како и пропустите во планирањето на потребите во Подрачната служба Скопје. На крајот наведе дека за потребата од потврди за платен придонес не е сигурен дека е реално утврдена, од причина што секторот за јавни набавки до денешен ден не обезбеди точен податок дали Фондот ќе продолжи да ги печати или не. Поради тоа не знаеме дали се планирани, односно обезбедени средства за 2010 година, но бидејќи истекува стариот договор за печатење, заради одржување на континуитетот постапката мора да започне веднаш.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршени предложените измени и дополнување на планот за јавни набавки*

***ТОЧКА 4 -*** *Теркови на анекси на договорите со здравствените установи за првиот квартал на 2010 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека откако на изминатите седници се утврдени останатите теркови на договори и анекси на договорите*

*што Фондот ги склучува со здравствените установи, остана да се утврдат уште овие три анекси. Тие се однесуваат на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување, договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната и специјалистичко-консултативната здравствена заштита за здравствен дом, и договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Македонската академија на науките и уметностите.*

*Беким Сали праша каква е состојбата со Филип Втори и со МАНУ, а Лазар Трајчев објасни дека договорот со Филип Втори е со важење од десет години, а со МАНУ ќе се склучи договор ако од Министерството за здравство добијат решение.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

***ТОЧКА 5 -** Постапување со здравствените установи со кои се раскинати договорите од Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна заклучно со месец ноември 2009 година*

*Во врска со оваа точка, Лазар Трајчев наведе дека на членовите на Управниот одбор им е поделен список на здравствените установи со кои се раскинати договорите поради прекршување на договорните одредби. Ова е направено заради запознавање со состојбата во врска со продолжувањето на договорите со здравствените установи за 2009, до март 2010 година. Управниот одбор треба да одлучи дали со установите со кој е раскинат договорот ќе може да се склучи договор од почетокот на 2010 година или нов договор ќе може да се склучи со важење од април 2010 година. За да можат да продолжат со работа во новата година, потребен е нов договор.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** На здравствените установи од областа на општата медицина на кои им се раскинати договорите за 2009 година, да им се овозможи да работат со Фондот, така што со нив ќе се склучат договори со важење за првите три месеци од 2010 година.*

***ТОЧКА 6 -** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека откога се донесени цените на услугите во болничката здравствена заштита за акутни случаи, се увиде дека постои една група на услуги која ги зголемува фактурите затоа што*

*секогаш во нив се внесува како да е дадена комплетна услуга. Се работи за услугата трахеостомија, која може да биде со и без вентилација. Двете варијанти на услугата имаат значителни разлики во цената. Утврдивме дека поради тоа, потребно е да се утврдат посебни цени за двете варијанти, така што ќе може да се фактурира за онаа услуга што навистина е дадена.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со која се утврдија цени за трахеостомија со вентилација поголема од 95 часа и трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа, наместо досегашната единствена цена за услугата трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа.*

***ТОЧКА 7 -*** *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови*

*Директорот Јелникар објасни дека врз основа на правилникот за за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови кој е објавен во Службен весник број 158 од оваа година, а донесен од Управниот одбор на 18 декември, Управниот одбор треба да утврди предлог референтни цени. За овие цени, во текот на петнаесет дена по објавувањето, производителите ќе можат да дадат свои забелешки, за потоа Управниот одбор имајќи ги во вид забелешките повторно да ги утврди како конечни. Во материјалот кој е поделен за седницата со референтните цени, не се вклучени еден сет на лекови за кои Бирото за лекови нема утврдено единствена цена. Бирото е известено за тоа. Во цените што ги изготвивме не се ставени лековите за кои во четирите референтни земји нема цена, а за еден дел од лековите на позитивната листа нема регистрирани лекови. Кај вторите се работи претежно за постари лекови.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети дека при донесувањето на правилникот за за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови, Управниот одбор утврди дека еден член на комисијата за референтните цени треба да биде од Министерството за здравство. Затоа, најпрвин комисијата треба да се конституира во согласност со таа одредба, па дури потоа да излезе со предлог референтни цени што ќе треба да ги донесе Управниот одбор.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка да биде симната од дневниот ред, а повторно да се разгледува кога комисијата составена согласно правилникот ќе изготви предлог референтни цени.*

***ТОЧКА 8 -*** *Одлука за постапување со движни ствари од Подрачната служба Струга*

*Цветанка Кормушоска објасни дека во Подрачната служба Струга се изврши реновирање по што престана потребата од користење на извадената столарија - врати, прозорци и ограда од внатрешните скали. Подрачната*

*служба предлага да се дозволи оваа опрема да се даде на трајно користење и употреба на јавната здравствена установа Здравствен дом Вевчани. Имаме и записник од комисијата на подрачната служба која го утврдила бројот на вратите и прозорците што се извадени при реновирањето, врз основа на која состојба е изготвена предложената одлука за постапување со овие ствари.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за постапување со движни ствари од Подрачната служба Струга***

*со која се одлучи стварите на кои им престана потребата од користење во Подрачната служба Струга поради извршената замена, да се отуѓат со давање на трајно користење и употреба на Здравствениот дом Вевчани.*

***ТОЧКА 9 -*** *Барање на Здравствениот дом Виница за зголемување на буџетскиот плафон*

*По објаснувањето на директорката Парнарџиева - Змејкова, која наведе дека со ребалансот во октомври, на оваа здравствена буџетскиот плафон и беше намален за два милиони денари на што сега неоправдано приговараат, Управниот одбор едногласно одлучи ова барање да го одбие.*

***ТОЧКА 10 -*** *Разно*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување, па по разгледувањето на точката 9, во 16.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***